**ДО**
ЕНЕР

**Предмет: Забелешки на предлог Закон за деловна тајна**

Почитувани,

Во врска со предложениот Закон за заштита на деловната тајна, Во врска со Предлог законот за заштита на деловна тајна, со кој закон се врши усогласување со Директивата ЕУ 2016/943 за заштита на неоткриени знаења и искуства и трговски информации (деловни тајни) од незаконско прибавување, користење и објавување, Ви ги проследуваме забелешките и предлозите на здружението МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ Скопје:

| Член | Предложен текст во Законот | Забелешки и предлози |
|---|---|---|
| **член 1 став (3) точка 2)** | ограничување на користење на искуството и вештините што вработените соодветно ги стекнале за време на нивното работење кај работодавецот и | Вештината треба да се дефинира, за под овој термин да нема злоупотреби. Зашто склоп од повеќе вештини може да е дел од деловната тајна.<br>Предлагаме да се изземе вештината, доклку таа е конструкт од деловната тајна и доколку има забрана за конкуренција договорена меѓуработодавачот и работникот (или две договорни страни) |
| **Член 2 став (3)** | Разумни мерки за зачувување во тајност на информацијата од став (1) точка 1) од овој член се сметаат, меѓу другото, изработка интерен акт за ракување со деловна тајна и кругот на лица и нивните права и обврски при ракување со деловна тајна, мерките за физичка или електронска заштита на пристапот и ракувањето со деловна тајна, означување на документи со ознака „деловна тајна“ или слична ознака, ограничување на пристап во простории и дадотеки во кои се наоѓаат информации кои се сметаат за деловна тајна или склучување на договор за доверливост, односно неоткривање доверливи информации со лица кои потенцијално можат да дојдат до деловната тајна, вклучително и вработените, деловните партнери, надворешните соработници и консултанти, односно потпишување изјави за доверливост или неоткривање на доверливи информации од страна на наведените лица. | 1. не мора да е посебен акт, може да е дел од веќе постоечки акт. Да се специфицира тоа за да нема забуна при контрола или судски случај дека ако не е посебен акт не а применета заштитна мерка. Многу деловни субјекти и лица имаат акти кои се дел од поголема заштитна програма кај правното лице и во кои акти се опфаќа и регулирањето на деловната тајна, меѓу другите контролни или безбедносни мерки .<br>2. Да се потенцира дека може да биде и посебен договор **а може да биде и дел од самиот договор за вработување или услуга/ соработка,** зашто постојат различни практики кај деловните субјекти. Некои имаат посебен договор за доверливост, а некои го имаат тоа уредено во договорот за работа или за самата услуга/соработка. Суштината е да биде уредено.<br>3. Дополнително, во предметната дефиниција не е разграничено што треба да биде уредено со интерниот акт за ракување со деловна тајна, па оттаму бараме да се измени дефиницијата на начин што ќе е јасно дека во интерниот акт се дефинираат „правата и обврските на лицата кои законски контролираат одредена деловна тајна“, додека зборовите „мерки за физичка или електронска заштита на пристапот и ракувањето со деловна тајна“ претставуваат посебна мерка.<br>4. Сметаме дека ставот (3) во член 2 е нејасен и може да се толкува како нумеративно набројување на условите што треба да се исполнат за да се смета дека одреден субјект |

| | | |
|---|---|---|
| | | презел разумни мерки за зачувување во тајност на информацијата. Со оглед на тоа што различните видови деловна тајна кои ги имаат различни деловни субјекти и кои се предмет на споделување во различни видови на деловни односи, бараат примена за на нив соодветни мерки за зачувување на тајноста, бараме да се измени предметната дефинција во насока на појаснување дека наведените мерки се примери кои може да се применат за зачувување на тајноста во конкретна ситуација, а не нумеративно набројување на сите потребни такви мерки кои треба да се преземат.<br>5.<br>**<u>Предлог текст за измена на овој став, земајќи ги сите погоре утврдени аспекти:</u>**<br>**(3) Зависно од тоа што е соодветно во конкретната ситуација, за разумни мерки за зачувување во тајност на информацијата од став (1) точка 1) од овој член ќе се сметаат, меѓу другото, изработка интерен акт за ракување со деловна тајна или одредби од веќе постоечки интерен акт во кој ќе се регулира и деловната тајна, во кој ќе се дефинираат правата и обврските на лицата кои законски контролираат одредена деловна тајна, преземање на мерки за физичка или електронска заштита на пристапот и ракувањето со деловна тајна (како што е ограничување на пристап во простории и датотеки во кои се наоѓаат информации кои се сметаат за деловна тајна), означување на документи со ознака „деловна тајна“ или слична ознака, или склучување на договор за доверливост, односно утврдување на одредби во друг договор, а кои одредби регулираат обврски за неоткривање доверливи информации со лица кои потенцијално можат да дојдат до деловната тајна, вклучително и вработените, деловните партнери, надворешните соработници и консултанти, или потпишување изјави за доверливост или неоткривање на доверливи информации од страна на наведените лица.** |

| | | |
|---|---|---|
| **Член 3 став (2)** | (2) Стекнувањето, користењето или откривањето на деловна тајна ќе се смета за законско до мерка до која стекнувањето, користењето или откривањето е потребно или дозволено. | Во врска со член 3 став 2, сметаме дека е нејасно на што се однесува зборот „дозволено“, па во таа насока бараме измена со предлог истата да биде со додавање на зборовите „од носителот на деловна тајна или согласно закон“. |
| **Член 10 став (3)** | Мерките од став (1) на овој член судот ќе ги одреди на трошок на причинителот на повредата, освен ако постојат посебни причини да не одлучи така. | не доволно јасно уредено што може да биде предмет на злоупотреба при интерпретација. Посебните причини треба да се наведат јасно. |
| **Член 11 став (3)** | Мерките од член 9 и член 10 став (1) точка 1) на овој закон се укинуваат на барање на лице кое е предмет на мерките предвидени во членовите 9 и 10 на овој закон, ако предметните информации повеќе не ги исполнуваат условите од член 2 став (1) точка 1) на овој закон од причини поради кои лицето кое е предмет на мерките предвидени во членовите 9 и 10 на овој закон не е директно или индиректно одговорно. | што ова значи? нејасно е и може да се злоупотреби. Секој кој примил доверлива информација и неовастено јас теknал или користи е одговорно лице. Да се измени со јасен текст за да се стигне до регулиран аспект кој нема да биде предмет на различни интерпретации. Да се дефинира во овој случај што значи директно или индиректно одговорно лице? |
| **Член 11 став (4) точка 2)** | со спроведувањето на предметните мерки би се предизвикала несразмерна штета на лицето кое е предмет на мерките предвидени во членовите 9 и 10 од овој закон. | ова може да се толкува дека секој вработен што ќе прекрши доверливост и неовслатено ќе земе или користи доверливи информации може да се брани дека мерките ќе предизвикаат несразмерна штета ако го тужи работодавачот или клиентот, поради тоа што секако правните лица имаат поголема економска моќ од вработените. На тој начин суштината на законот и одбраната од злоупотреба на деловна тајна нема да може да се оствари праведно. Затоа несразмерна штета мора да се дефинира и да се направи релација помеѓу физичко лице прекршител и правно лице. Бидејќи оддавањето на деловна тајна може буквално да згасне одреден бизнис, па да се разјасни дали неспроведувањето на мерките може и на правно лице д аму нанесат несразмерна штета. |
| **Член 11 став (5)** | (5) Доколку наместо мерките одредени во член 9 и член 10 став (1) точка 1) на овој закон, судот одреди паричен надоместок, тој не треба да го надмине износот на надоместокот кој лицето кое ја | Ова е целосно не јасно и не применливо при сите повреди. Надоместок може и да нема за користење законски, туку податоците да се вреднуваат од многу други аспекти директно својствени за конкретен случај на повреда. **Да се смени со следниов текст:** |

| | | |
|---|---|---|
| | повредило деловната тајна би го платило доколку законски ја користело деловната тајна за временскиот период за кое користењето на деловната тајна не му било дозволено. | **(5) Доколку наместо мерките одредени во член 9 и член 10 став (1) точка 1) на овој закон, судот одреди паричен надоместок, тој не треба да го надмине износот на вредноста на деловната тајна доколку таа би се користела законски, без настанатата повреда.** |
| **Член 12 став (4)** | (4) При определувањето на висината на надоместокот на штета, судот ќе ги земе во предвид сите околности на случајот, како што се негативните економски последици кои ги претрпел носителот на деловната тајна, вклучително и обичната штета, изгубената добивка и добивката која ја остварил сторителот со повреда на деловната тајна. | негативни економски последици не се единствена штета. Последици може да има и на углед, репутација, процени дисрупции кај правно лице итн. (значи треба да се уреди и нематеријална штета) пенали од клиенти (дали ова спаѓа во обична штета). Дополнително носител на деловна тајна може да биде и физичко лице.<br>**Да се додаде став 5:**<br>**(5) Судот може да досуди и надомест за нематеријална штета во корист на носителот на деловната тајна, чија висина ќе ја одреди согласно околностите на случајот и последиците кои лицето носител на деловната тајна ги имало по основ на изгубен углед и репутација, а доколку се работи за физичко лице, и по основ на претрпен стрес и траума.** |
| **Член 13 став (6)** | (6) Судот, исто така ќе има во предвид дали информациите за сторителот на повредата се такви што би можеле да доведат до идентификација на одредено физичко лице и доколку е така, дали објавувањето на таквите информации би било оправдано, особено ако се има во предвид можната штета што таквата мерка може да ја предизвика за приватноста и угледот на сторителот на повредата. | Ако сторителот е правосилно осуден, праведно е и да се рефлектира на угледот, како дел од санкцијата. Не треба некој да биде сторител на повреда одваков тип и да плати казна без да се знае за неговото сторување, па да може повторно да се најде во ситуација да направи повреда на друго лице. !? Законските решенија да се адаптираат на општествената состојба на матичната земја, и покрај хармонизацијата со ЕУ директивата. Ваквиот став може масивно да се злоупотребува. Овој став да се преиначи, да остане пресудата информација од јавен карактер без деталите на самата деловна тајна, но со информација за сторителот доколку е правосилно огласен за виновен, со конечна потврда на второстепен суд. |
| **Член 15 став (1)** | (1) За да стори веројатно дека деловната тајна е незаконски стекната, користена или откриена или дека постои опасност деловната тајна да биде незаконски стекната, користена или откриена, судот од тужителот ќе побара да достави докази кои укажуваат дека постои деловна тајна, дека предлагачот е носител на таа деловна тајна и дека деловната тајна е незаконски стекната, користена или откриена или дека постои опасност деловната тајна да биде незаконски стекната, користена или откриена. | Ваквиот текст само нуди збунувачки околности. Што е доказ за укажување на веројатност, а што доказ дека постои опасност? Да се извршат промени кои ќе ги разјаснат институтите. Дали при приверемена мерка се докажува самата повреда? Институтот е привремена мерка, па доказите само укажуваат веројатност а не ја докажуваат самата повреда, зашто при привремена мерка може и да нема повреда, туку да се отстрани опасноста од истата да биде направена. |

| | | |
|---|---|---|
| **Член 19** | (1) Глоба во износ од 4.000,00 до 8.000,00 евра во денарска противвредност надлежниот суд ќе му изрече на правното лице за прекршок доколку незаконски стекне, користи или открие деловна тајна.<br>(2) Глоба во износ од 1.000,00 до 1.500,00 евра во денарска противвредност ќе му се изрече и на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.<br>(3) Глоба во износ од 700,00 до 1.200,00 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичкото лице за прекршокот од ставот (1) на овој член. | Овие вредности ни од далеку не ги задоволуваат потребите на одредени корективни мерки кои во македонското општество треба да се реинегрираат за да има резултат корективот. Без голема глоба нема да има корективен успех во примената. Глобата без разлика на дополнителни штети (материјални или нематеријални) треба да биде значителна со цел да може да предизвика и пресентивен аспект ПРЕД настанување на повреда. За големи компании или проведи кои носат голема корист или пак кои не носат материјална корист туку некое задоволство при ретрибуција (на пример, некој да наштети не за да се збогати туку за да се освети), нема да биде сопрен од овие глоби. Има многу ЕУ примери каде самата глоба е голем корективен регулатор уште ПРЕД некој да направи повреда. Глобите да се зголемат значително. |

Имајќи предвид дека во МАКЕДОНСКАТА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ членуваат истакнати правници, вработени во реномирани домашни и странски компании, кои низ секојдневното работење се соочуваат со предметната проблематика од практичен аспект, се надеваме дека дадените забелешки ќе бидат разгледани со особено внимание.

Ви стоиме на располагање доколку сметате дека е потребно да одржиме заедничка средба за непосредна дискусија по однос нза овие забелешки и предлози

Со почит,
МАКЕДОНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА КОРПОРАТИВНИ ПРАВНИЦИ